**МИНИСТЕРСТВО ЗА ЖИВОТНА СРЕДИНА И ПРОСТОРНО ПЛАНИРАЊЕ**

# Предлог на Закон за изменување и дополнување на Законот за квалитетот на амбинетниот воздух по скратена постапка

**Скопје, Јануари 2010 година**

ВОВЕД

**I. ОЦЕНА НА СОСТОЈБИТЕ ВО ОБЛАСТА ШТО ТРЕБА СЕ УРЕДИ СО ЗАКОНОТ И ПРИЧИНИ ЗА ДОНЕСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ**

Главната причина за пристапување кон измени и дополнување на Законот за квалитет на амбиентниот воздух е потребата од доусогласување на законот со законодавството на ЕУ.

Исто така, измените произлегуваат од потреба за допрецизирање на одредби од законот со цел подобрување на спроведувањето на истиот и со тоа подобрување на квалитетот на амбиентниот воздух.

Воедно со измените и дополнувањата се врши утврдување на правни основи за донесување на подзаконски акти заради понатамошно усогласување со законодавството на ЕУ.

II. ЦЕЛИ, НАЧЕЛА И ОСНОВНИ РЕШЕНИЈА

Со измените и дополнувањата ќе се олесни примената на Законот за квалитет на амбиентниот воздух со што ќе се овозможи доусоглсување на истиот со директивите на Еу и подобрено спроведување на истиот.

Основни цели се:

- Зголемување на ефикасноста во спроведување на законот за квалитет на амбиентниот воздух;
- Усогласување со законодавството на Европската унија со следните Директиви: Директивата 2008/50/ЕЗ за квалитет на амбиентниот воздух и за почист воздух за Европа; Директива бр. 2001/81/ЕЗ за националните крајни вредности за емисија на одредени атмосферски загадувачи, Директива 2000/69/ес за граничните вредности за бензен и јаглеродмоноксид во амбиенталниот воздух, Директива 2001/80/ЕЗ за ограничување на емисиите на одредени загадувачи во воздухот од големи согорувачки постројки;
- Утврдување на правни основи за донесување на подзаконски акти заради понатамошно усогласување со законодавството на ЕУ;
- Намалување на емисиите во воздухот преку преземање на мерки со донесување на Национална програма за постепена редукција на количините на емисии на одредените загадувачки супстанции на ниво на Република;
- Правно регулирање на доставувањето извештаи за квалитетот на амбиентниот воздух до Европската Агенција за животна средина и до други релевантни меѓународни организации и до извршното тело на LRTAP конвенцијата.

III. ОЦЕНА НА ФИНАНСИКИТЕ ПОСЛЕДИЦИ ОД ПРЕДЛОГОТ НА ЗАКОН ВРЗ БУЏЕТОТ И ДРУГИТЕ ЈАВНИ ФИНАНСИСКИ СРЕДСТВА

Измените и дополнувањата на Законот за квалитет на амбиентниот воздух нема да предизвика финансиски последици врз буџетот на Република Македонија и другите јавни финансиски средства.

IV. ПРОЦЕНА НА ФИНАНСИСКИТЕ СРЕДСТВА ПОТРЕБНИ ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ, НАЧИН НА НИВНО ОБЕЗБЕДУВАЊЕ,

ПОДАТОЦИ ЗАТОА ДАЛИ СПРОВЕДУВАЊЕТО НА ЗАКОНОТ ПОВЛЕКУВА МАТЕРИЈАЛНИ ОБВРСКИ ЗА ОДДЕЛНИ СУБЈЕКТИ

За спроведувањето на предложените измени не е потребно обезбедување на финансиски средства, ниту материјални обврски за одделни субјекти.

Донесувањето на измените на Законот за квалитет на амбиентниот воздух не предизвикуваат дополнителни трошоци во однос на администрацијата и засегнатите субјекти.

Со транспонирањето на членови од релевантните директиви на ЕУ проширувањето на правниот основ за донесување на подзаконски акти, нема да се предизвика дополнителни трошоци за администрацијата и за засегнатите страни, од причина што предвидените активности подзаконските акти се веќе планирање и предвидени со Законот за квалитет на амбиентниот воздух. Воедно изработката на Национална програма за постепена редукција на количините на емисии на одредените загадувачки супстанции на ниво на Република е веќе предвидена во работната програма на Министерството за животна средина и просторно планирање.

V. ПРЕГЛЕД НА РЕГУЛАТИВИ ОД ДРУГИ ПРАВНИ СИСТЕМИ И УСОГЛАСЕНОСТ НА ПРЕДЛОГОТ НА ЗАКОНОТ СО ПРАВОТО НА ЕВРОПСКАТА УНИЈА

Со измените и дополнувањата на Законот за квалитет на амбиентниот воздух се врши транспонирање на одредени одредби од Директивите: - Директивата 2008/50/ЕЗ за квалитет на амбиентниот воздух и за почист воздух за Европа; - Директива бр. 2001/81/ЕЗ за националните крајни вредности за емисија на одредени атмосферски загадувачи, - Директива 2000/69/ЕЗ за граничните вредности за бензен и јаглеродмоноксид во амбиенталниот воздух, - Директива 2001/80/ЕЗ за ограничување на емисиите на одредени загадувачи во воздухот од големи согорувачки постројки.

Целосното транспонирање на овие директиви ќе се обезбеди со донесување на соодветните подзаконски акти.

VI. ПРЕГЛЕД НА ЗАКОНИ ШТО ТРЕБА ДА СЕ ИЗМЕНАТ СО ДОНЕСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ И ПРОПИСИ ШТО ТРЕБА ДА СЕ ДОНЕСАТ ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ

Со донесување на измени и дополнувања на Законот не се врши измени на други закони.

VII. ПОСТАПКА ЗА ДОНЕСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА КВАЛИТЕТ НА АМБИЕНТНИОТ ВОЗДУХ ПО СКРАТЕНА ПОСТАПКА

Од причини што не е во прашање сложен и обемен закон како и не се во прашање сложени или обемни усогласувања на законот со правото на ЕУ согласно член 170 од Деловник на Собранието на Република Македонија („Службен Весник на РМ“ бр.91/08), предлагаме истиот да се донесе по скратена постапка .

Предлог на закон за изменување и дополнување на
Законот за квалитет на амбиентниот воздух

Член 1

Во Законот за квалитет на амбиентниот воздух („Службен весник на Република Македонија„ бр. 67/04 и 93/07) во член 4, во став (1) по точката 32) се додаваат единаесет нови точки 33), 34), 35), 36), 37), 38), 39), 40), 41), 42) и 43) кои гласат:

„33) Планови за квалитет на воздухот се планови со кои се утврдуваат мерки за постигнување на граничните или целните вредности;

34) Придонеси од природни извори се емисии на загадувачки супстанции на воздухот кои не се предизвикани директно или индиректно од човекови активности, вклучувајќи ги и природните појави, како што се вулканските ерупции, сеизмичките активности, геотермичките активности, шумските пожари, силните ветрови, излевања на води или атмосферска ресуспензија или пренесување на природни честички од суви региони.

35) Позадински локации во урбани средини се места во градски средини каде нивоата се репрезентативни за изложеноста на општата урбана популација;

36) AOT 40 ја означува сумата на разликите помеѓу концентрациите на површински озон мерени секој час, поголеми од 80 µg/m$^3$ (= 40 ppb) и 80 µg/m$^3$ за време на дневните часови акумулирани од мај до јули секоја година;

37) AOT 60 ја означува сумата на разликите помеѓу концентрациите на површински озон мерени секој час, поголеми од 120 µg/m$^3$ (= 60 ppb) и 120 µg/m$^3$ акумулирани во текот на годината;

38) Известување за годишните емисии е известување за сите емисии на згадувачките супстанци на подрачјето на територијата на Република Македонија кое се подготвува и врши на годишно ниво на начин и форма согласно Конвенцијата за прекугранично загадување на воздухот на големи далечини и нејзините протоколи и одлуките и насоките донесени на извршното тело на конвенцијата;

39) Известување за политиката и мерките за намалување на емисиите е известување за политиката и мерките на Република Македонија со кои се ограничуваат и/или намалуваат емисиите на загадувачките супстанци со дадени квантитативни проценки на влијанието на политиката и мерките, прикажано по поедини сектори, како и други податоци за доставување на Програмата за соработка за следење и оценување на далекусежно пренесување на загадувачките супстанци во воздухот во Европа (EMEP) за секоја загадувачка супстанца одделно;

40) Инвентар на емисии е збир на податоци (изразени во килотони на година) во текот на одреден временски период, согласно дадените барања или дадената методологија со соодветна секторска, временска и просторна распределба специфична за секоја одделна загадувачка супстанца;

41) Критично ниво е концентрација на загадувачки супстанци во атмосферата над кое може да се појават директни несакани ефекти кај рецепторите, како што се луѓето, растенијата, екосистемите или материјалите, според досегашните сознанија;

42) Критично оптоварување е квантитативната проценка на изложеноста на една или повеќе загадувачки супстанци, кои не предизвикуваат значителни несакани ефекти за конкретни чувствителни медиуми и/или области на животната средина, според досегашните сознанија; и

43) Квадрант е квадрат со димензии 150 km x 150 km, кој претставува резолуција што се користи кога се прикажуваат критичните оптоварувања на загадувачки супстанции на карта во Република Македонија или на европско ниво, и исто така кога се врши мониторинг на емисиите и таложењата на

загадувачките супстанци во воздухот според Програмата за соработка за следење и оценување на далекусежно пренесување на загадувачките супстанци во воздухот во Европа (ЕМЕР).“

Член 2

Во член 19 по ставот (3) се додава нов став (4) кој гласи:

„Оценувањето на квалитетот на амбиентниот воздух, органот на државната управа надлежен за работите од областа на животната средина го врши еднаш годишно.“

Член 3

(1) Во член 21 во ставот (1) зборот: „мрежи“ се заменува со зборовите: „мерни места“.

(2) Во ставот (3) зборовите: „како и“ се бришат, точката на крајот од реченицата се брише и се додаваат зборовите: „или со примена на техники за проценување на целите“.

Член 4

Во член 22 по ставот (4) се додава нов став (5) кој гласи:

„Ревизијата од ставот (4) на овој член може да се изврши и порано во случај на значителни промени на релевантните активности кои влијаат на концентрациите на одредени загадувачки супстанции во амбиентниот воздух.“

Член 5

По членот 46 се додаваат четири нови члена 46-а, 46-б, 46-в и 46-г кои гласат:

„Член 46-а

Национална програма за постепена редукција на количините на емисии на одредени загадувачки супстанции

(1) Со цел прогресивно намалување на националните годишни емисии на одредени загадувачки супстанции во амбиентиот воздух, за определен период, се изработува Национална програма за постепена редукција на количините на емисии на одредените загадувачки супстанции на ниво на Република Македонија (во натамошниот текст: Национална програма за редукција на емисии) во која се определуваат мерките за редукција на горните граници-плафони на емисија и проекциите за редукција на количините на емисии на загадувачки супстанции на годишно ниво во определениот период.

(2) Во Националната програма за редукција на емисиите се вклучуваат податоци за донесени и предвидени политики и основни мерки и квантификувана проценка на ефектите на политиките и мерките за редукција на емисија на загадувачките супстанции во воздухот.

(3) Во Националната програма за редукција на емисиите се наведуваат промените на националните емисии на дадените загадувачки супстанции во воздухот во секој квадрант на територијата на Република Македонија за целиот определен период.

(4) Покрај утврдените мерки од став (2) на овој член може да бидат превземени и привремени мерки за:

1. Намалување на закиселувањето:

Во квадрантите на територијата на Република Македонија каде што се надминати критичните оптоварувања, привремените мерки можат да се предвидат со цел да се намалат количините на емисиите за најмалку 50 % (во секој квадрант) во споредба со одредените граници-плафони за емисии за определениот период и да се запазат националните горни граници - плафони за емисија;

2. Намалување на изложеноста на луѓето на концентрација на приземниот озон:

Кога количеството на приземен озон е над нивото критично за човековото здравје, односно над AOT60=0, привремени мерки можат да се преземат со цел да се намали концентрацијата на приземниот озон за две третини во сите квадранти на територијата на Република Македонија во споредба со одредените горни граници-плафорни за емисии за определениот период при тоа количеството на приземен озон да не ја надминува границата од 2,9 ppm·h во кој било квадрант од територијата на Република Македонија;

3. Намалување на изложеноста на концентрација на приземен озон на вегетацијата:

Кога изложеноста на земјоделските култури и вегетацијата на количеството на приземен озон е над нивото критично за истите, односно над AOT40=3 ppm·h, привремени мерки можат да се преземат, со цел да се намали концентрацијата на приземниот озон за една третина во сите квадранти на територијата на Република Македонија во споредба со одредените горните граници-плафорни за емисии за определениот период при тоа количеството на приземен озон да не ја надминува апсолутната граница од 10 ppm·h, изразена како надминување на критичното ниво од 3 ppm·h во кој било квадрант на територијата на Република Македонија; и

4. Намалување на еутрофикацијата:

Привремени мерки можат да се преземат со цел да се намали еутрофикацијата на почвата до 30% во споредба со одредените горните граници-плафорни на емисии за определениот период.

(5) Националната програма за редукција на емисиите може да се ревидира кога е тоа потребно, во временскиот период за која е донесена.

(6) Органот на државната управа надлежен за работите од областа на животна средина е надлежен за изработка на Националната програма за редукција на емисиите

(7) Владата на Република Македонија на предлог на министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за работите од областа на животна средина ја усвојува Националната програма за редукција на емисиите.

Член 46-б

Спроведување на Националната програма за редукција на емисиите

(1) Со цел спроведување на Националната програма за редукција на емисиите за инсталациите кои поседуваат интегрирана еколошка дозвола издадена согласно Законот за животна средина при утврдувањето на горните граници-плафони на емисии на одредени загадувачки супстанци за одредениот период како основа се земаат количините на емисии за реалното годишно работно време на инсталацијата, употребеното гориво и топлинскиот влез на инсталацијата, со пресметана средна вредност на количините за последните пет години на работа.

(2) Затворањето на една инсталација која што била вклучена во Националната програма за редукција на емисиите не треба да значи зголемување на поединечните годишни количините на емисиите на загадувачките супстанции утврдени за определениот период од другите инсталации опфатени со програмата.

(3) Во Националната програма за редукција на емисиите се опфаќаат сите инсталации во Република Македонија кои поседуваат интегрирана еколошка дозвола издадена согласно Законот за животна средина.

Член 46-в

Инвентари на емисиите

(1) Со цел да се утврдат количините на горните граници-плафоните на емисиите на загадувачките супстанции за одреден период се врши инвентаризација на емисиите на територијата на Република Македонија.

(2) Инвентаризацијата на емисии на загадувачките супстанции на територијата на Република Македонија се врши преку:

1. Пресметка на количините на емисии на загадувачките супстанции во воздухот во Република Македонија;
2. Подготовка на Извештај за инвентаризација на годишните емисии со проекциите на емисиите; и
3. Подготовка на Извештај за спроведување на мерките за намалување на емисиите, со цел да се исполнат обврските кон Конвенцијата за далекусежно прекугранично пренесување на загадувачките супстанци во воздухот, од 1979 година и нејзините протоколи (во понатамошниот текст: LRTAP конвенцијата).

(3) Во Извештајот за инвентаризација на годишните емисии наведени во став (2) точка 2 од овој член се подготвува и распределба на емисиите по – квадранти во Република Македонија, со цел да се утврди дали има значајни промени во просторната распределба на емисиите на национално ниво.

Член 46-г

(1) Органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на животната средина секоја година најдоцна до 31 декември, ги подготвува и ги објавува пресметките и извештаите од член 46-в став (2) од овој закон.

(2) Пресметките и извештаите од 46-в став (2) од овој закон се доставуваат до Европската Агенција за животна средина и до други релевантни меѓународни организации и до извршното тело на LRTAP конвенцијата.

(3) Органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на животната средина редовно разменува податоци за количините на емисиите на загадувачките супстанци со меѓународни организации, земјите потписнички на LRTAP конвенцијата, надлежните тела и организации на Европската унија.“

Член 6

Се овластува Законодавно-правната комисија на Собранието на Република Македонија да утврди пречистен текст на Законот за квалитет на амбиентниот воздух.

Член 7

Влегување во сила

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

**ОБРАЗЛОЖЕНИЕ НА ПРЕДЛОГ НА ЗАКОНОТ ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА КВАЛИТЕТ НА АМБИЕНТНИОТ ВОЗДУХ**

**I. Објаснување на содржината на одредбите на Предлог на Законот**

Со предложените измени се врши во член 1 се воведуваат 11 дефиниции што произлегуваат од Директива бр. 2001/81/ЕЗ на Европскиот парламент и на Советот од 23 октомври 2001 за националните крајни вредности за емисија на одредени атмосферски загадувачи и Директива 2008/50/ЕЗ Европскиот парламент и на Советот од 21 мај 2008 година за квалитет на амбиентниот воздух и за почист воздух за Европа со што се обезбедуа поголем степен на усогласеност на домашното законодавство со она на ЕУ. Особено се воведуваат дефиниции врз основа на кои ќе се обезбеди оценка на квалитетот на амбиентниот воздух кој ќе соодвествува на начинот на оценување што се врши на ниво на ЕУ и поради што податоците добиени од мониторингот на квалитетот на амбиентниот воздух ќе бидат компатибилни со оние на ЕУ. Во членот 3 се утврдува дека Министерството за животна средина и просторно планирање ќе биде задолжено најмалку еднаш годишно да врши оценување на квалитетот на амбиентниот воздух и за тоа ќе ја известува Европската агенција за животна средина, јавноста и соодветните институции во Република Македонија. Одредбите на измените во членот 3 се однесуваат на примена на техники со кои се проценуваат целите на квалитетот на амбиентниот воздух.

Во членот 4 се воведува обврска ревизијата на квалитетот на амбиентниот воздух во зоните и агломерациите да се врши и почесто од само еднаш годишно, тогаш кога има значителни промени на релевантните активности кои влијаат на концентрациите на одредени загадувачки супстанции во амбиентниот воздух.

Во членот 5 се врши усогласување со одредбите на Директива бр. 2001/81/ЕЗ на Европскиот парламент и на Советот од 23 октомври 2001 за националните крајни вредности за емисија на одредени атмосферски загадувачи и Директива 2001/80/ЕЗ на Европскиот парламент и на Советот од 23 октомври 2001 година за ограничување на емисиите на одредени загадувачи во воздухот од големи согорувачки постројки

Имено, цел прогресивно намалување на националните годишни емисии на одредени загадувачки супстанции во амбиентиот воздух, за определен период, се изработува Национална програма за постепена редукција на количините на емисии на одредените загадувачки супстанции на ниво на Република Македонија од страна на Министерството за животна средина и просторно планирање. Во Националната програма се определуваат мерките за редукција на горните граници-плафони на емисија и проекциите за редукција на количините на емисии на загадувачки супстанции на годишно ниво во определениот период.
Членот 46-б се уредува начинот на спроведување на Националната програма, а особено во однос на инсталациите кои поседуваат интегрирани еколошки дозволи издадени согласно Законот за животна средина.
Во членот 46-в се утврдува Инвентар на емисии со кој ќе се утврдат количините на горните граници-плафони на емисии на загадувачки супстанции за одреден период. Инвентаризацијата на емисиите се врши преку пресметка на количините на емисии и преку доставување на извештаи, особено со

доставување на извештаи до Конвенцијата за далекусежно прекугранично пренесување на загадувачките супстанци во воздухот, од 1979 година и нејзините протоколи.
Во членот 46-г се утврдуваат роковите во кои ќе се подготвуваат извештаите и начинот на нивното доставување до Европската Агенција за животна средина и до други релевантни меѓународни организации и до извршното тело на Конвенцијата за далекусежно прекугранично пренесување на загадувачките супстанци во воздухот, од 1979 година.

## II.МЕЃУСЕБНА ПОВРЗАНОСТ НА РЕШЕНИЈАТА СОДРЖАНИ ВО ПРЕДЛОЖЕНИТЕ ОДРЕДБИ

Измените на Законот не се обемни и се однесуваат исклучиво на доусогласување на законот со законодавството на ЕУ, допрецизирање на одредби од законот со цел подобрување на спроведувањето на истиот и со тоа подобрување на квалитетот на амбиентниот воздух, како и утврдување на правни основи за донесување на подзаконски акти заради понатамошно усогласување со законодавството на ЕУ.

.

## III.ПОСЛЕДИЦИ ШТО ЌЕ ПРОИЗЛЕЗАТ ОД ПРЕДЛОЖЕНИТЕ РЕШЕНИЈА

Со донесување на измените и дополнувањата на Законот за квалитет на амбиентниот воздух ќе се продолжи со транспонирање на релевантните Директиви од областа на воздухот во Законот со што ќе се овозможи зголемување на степенот на усогласеност како и исполнување на обврските кои произлегуваат од процесот на евроинтеграции.
Исто така, со утврдувањето на новите правни основи за донесување на подзаконските акти кои произлегуваат од Законот, ќе се придонесе кон поефикасно спроведување на законот, а со тоа ќе се овозможи подобрување на квалитетот на воздухот.